**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27-09.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4598 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво ТВ АРТ Артан ДОО Тетово;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

*__Дневно-информативни емисии__*

Во десетдневниот период од 12 до 21 септември опфатени се исто толку изданија на вестите емитувани во 18 часот и 45 минути. Вкупното времетраење на прилозите коишто се предмет на анализа е 1

час 56 минути и 57 секунди, со што не е постигнат минималниот квантум од 2 часа новинарски прилози методолошки неопходни за анализа.

Во анализираното време (1 час 56 минути и 57 секунди) доминираат прилози за последиците од земјотресите во Скопје, серија прилози што ТВ Арт ги емитува за пронајдени остатоци од човечки черепи и коски во близина на Кичево и известувања за повеќе актуелни општествено-политички случувања (извештај на СЈО, почеток на академската година, расправи околу бројот на гласачи во изборните единици, разговори на опозициските партии од албанскиот политички блок за заеднички настап на изборите, предлог буџетот за 2017 година, обештетување на граѓаните од поплавените подрачја и др.).

***Посебни информативни емисии***

Во извештајниот десетдневен период (12-21 септември) не се емитувани посебни информативни програми.

***Сектор за програмски работи***